## II НАУЧЕН СИМПОЗИУМ НА ОРАЛНИТЕ ХИРУРЗИ ОД ЈУГОСЛАВИЈА
**Охрид, 17-19 мај, 1990**

На 17, 18 и 19 мај 1990 година, во Охрид, се одржа цулатиница II-от научен симпозиум на оралните хирурзи од Југославија, со меѓународно учество. На Симпозиумот присуствуваа 200 учесници од сите републики на Југославија, а беа презентирани 101 реферат.

Главна тема на Симпозиумот беше "Ургентни состојби во стоматолошката практика: превенција и терапија". Освен главната, беа приклучени и слободни теми, а посебен интерес привлекоа соопштенијата од областа на стоматолошката имплантологија, презентирани од еминентни имплантолози од земјата и од странство.

Оваа научна манифестација овозможи да бидат проследени стручните и научноистражувачките дострели на југословенската орална хирургија и нејзините сродни дисциплини. Веруваме дека Симпозиумот одговори на задачите, бидејќи неговите учесници успеаја да постигнат усогласување по некои битни прашања преку изнаоѓање заеднички ставови, усвојување единствени доктрини, а едновремено иницираа активности за востановување единствени протоколи за лекувањето на ургентните состојби во секојдневната стоматолошка практика.

Во склоп на Симпозиумот се одржа и седница на Претседателството на Здружението на оралните хирурзи од Југославија, на која се одлучи IV-от конгрес на оралните хирурзи од Југославија да се одржи во склоп на X-от конгрес на стоматолозите од Југославија, во септември 1992 година во Неум, Босна и Херцеговина. За главна тема беше договорено тоа да биде "Тумори во орофацијалната регија".

Доц.д-р **Јордан Јанев**, dr sci
Претседател на Здружението на оралните
хирурзи од Југославија

## VI СОБИР НА СТОМАТОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
**Дојран, 19-21 јуни 1991**

Од 19 до 21 јуни 1991 година се одржа VI-от собир на стоматолозите на Македонија.

На собирот присуствуваа стоматолози од цела Македонија, како и од другите републики.

Организатори на оваа манифестација беа Стоматолошката секција на Македонија и Стоматолошките клиники - Скопје.

По пригодното обраќање на претседателот на Организациониот одбор, проф. д-р Игнат Богдановски, за досегашните достигнувања во стоматолошката наука и желбата за понатамошно следење и стручно информирање, Собирот веднаш почна со работниот дел.

Главна тема на собирот беше ЕТИОПАТОГЕНЕТСКИ И ТЕРАПИСКИ ДОСТИГНУВАЊА ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРАКТИКА.

Презентацијата на темите се одвиваше низ пленарни предавања, видеопроекции и постер сесија.

Тематски и по својата содржинска концепција и приказ, пленарните предавања беа проследени со плодни дискусии, но не беа следени со соодветна техничка организација.

Видеопроекциите беа од стандарден тип, со прикази што можат да најдат примена во секојдневната практика.

Најмногубројни беа трудовите во постер сесиите, како современ и сè повеќе застапуван начин на презентација во форма на кратки усни излагања и разговор со авторите. Особено треба да се истакне напредокот во техничкото прикажување на постерите како визуелен ефект. Беше застапен мултидисциплинарниот приод во работата, следење на современите трендови во некои од стоматолошките дисциплини, се разбира, во рамките на постојните можности.

Објавениот Зборник на кратки содржини за сите презентирани трудови, по области обезбеди можност за запознавање со најновите достигнувања и на оние кои ја немаа можноста да присуствуваат на овој Собир.

Сумирајќи ги импресиите од VI-от собир на стоматолозите на Македонија, останува впечатокот дека оваа манифестација имаше пред сè, работен карактер и како таква треба да го одржи својот континуитет.

Проф. д-р **Љупка Матовска**